ЕДРИЛИЧАРСКАФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Кеј М. Тито бб, 6000 Охрид, тел/факс 046 262 697
MACEDONIAN SAILING FEDERATION
Kej M.Tito bb, 6000 Ohrid, MACEDONIA
tel/fax +389 46 262 697, e-mail: office@efm.org.mk

# ПРАВИЛНИК

## За изготвување на ранг листи на Едриличарската федерација на Македонија

1. За сите класи се применува максималлен принцип на бодовен систем.

2. За сите класи ќе се применува зголемуване на бодовите со коефициентот на рангот на регатата, во согласност со Правилникот за регати.

3. Победникот повлекува бодови еднакви на бројот на учесниците на регатата, ако се завршени 30% од бројот на предвидените трки, помножени со коефициентот на регатата (1 - 1,7).

4. На отворените првенства и меѓународни регати при пресметувањето на бодовите, се пресметува со вкупниот број на учесниси кои завршиле повеќе од 30% од трките.

5. Натпреварувачите кои се наоѓат во репрезентацијата на Македонија за време на одржување на регата која се бодува им се доделува максимален број на бодови.

6. Во бодувањето не се пресметува учеството на натпреварувачот во регати на репрезентативно ниво.

7. Во бодувањето обавезно се прифаќаат резултетите од Државните првенства во едрење, домашните и меѓународни регати во странство, кои пред почетокот на годината со одлука ги определува Извршниот одбор на ЕФМ.

8. Ранг листите ќе се изготвуваат за рок од 12 месеци, по истекот на овај рок бодувањето од регатата се отфрла.

9. Правилникот е усвоен на седница на Извршен одбор на ЕФМ одржан на 07.12.2007година.